РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 08-430

Скопје 30.12.2020 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 10 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 76 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеи 10 и 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, член 54 став 1, член 88, член 93 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), постапувајќи по Барањето Уп1 бр.08-430 од 24.12.2020 година од заинтересираната страна правното лице Друштвото за маркетинг и услуги Регионална Телевизиска Куќа ДООЕЛ Кавадарци за повлекување на Барањето Уп1 бр.08-430 од 21.12.2020 година за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, на локално ниво за подрачјето на општина Кавадарци, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-4702/5 од 30.12.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 47-та седница одржана на 30.12.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за запирање на постапка поведена по Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, на локално ниво за подрачјето на општина Кавадарци

1. СЕ ЗАПИРА постапката за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, на локално ниво за подрачјето на општина Кавадарци поведена по писменото Барање од заинтересирана страна, правното лице Друштвото за маркетинг и услуги Регионална Телевизиска Куќа ДООЕЛ Кавадарци Уп1 бр.08-430 од 21.12.2020 година, поради доставеното Барање Уп1 бр.08-430 од 24.12.2020 година од заинтересираната страна за повлекување на Барањето Уп1 бр.08-430 од 21.12.2020 година за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, на локално ниво за подрачјето на општина Кавадарци.
2. Решението е конечно.

## Образложение

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 21.12.2020 година, доставено е Писмено барање со придружна документација Уп1 бр.08-430 од 21.12.2020 година од заинтересирана страна, правното лице Друштвото за маркетинг и услуги (ДМУ) Регионална Телевизиска Куќа ДООЕЛ Кавадарци за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, на локално ниво за подрачјето на општина Кавадарци (Прилог бр.1 кон ова Решение).

Во член 76 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пропишано е дека за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не

користи ограничен ресурс или преку сателит, не се распишува јавен конкурс и дозволата се доделува по барање на заинтересирана страна на начин и постапка утврдени со овој закон.

По доставување на Писменото барање со придружна документација Уп1 бр.08-430 од 21.12.2020 година од заинтересираната страна, правното лице ДМУ Регионална Телевизиска Куќа ДООЕЛ Кавадарци, согласно пропишаната постапка во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, стручната служба на Агенцијата пристапи кон разгледување на истото.

Меѓутоа, во меѓувреме на 24.12.2020 година од страна на заинтересираната страна, правното лице ДМУ Регионална Телевизиска Куќа ДООЕЛ Кавадарци на официјалната електронска адреса на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги contact@avmu.mk беше доставено Барање Уп1 бр.08-430 од 24.12.2020 година за повлекување на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, на локално ниво за подрачјето на општина Кавадарци Уп1 бр.08-430 од 21.12.2020 година (Прилог бр.2 кон ова Решение).

Согласно член 54 став 1 од Законот за општата управна постапка, кога странката ќе се откаже од своето барање, јавниот орган со управен акт ќе ја запре постапката во однос на странката. Следствено на наведеното, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Зоран Трајчевски до Советот на Агенцијата достави Предлог Уп1 бр.08-430 од 29.12.2020 година да се запре постапката поведена по предметното писмено Барање Уп1 бр.08-430 од 21.12.2020 година.

Врз основа на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 10 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 76 од истиот Закон, 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеи 10 и 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 54 став 1, член 88, член 93 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, постапувајќи по Барањето Уп1 бр.08-430 од 24.12.2020 година од заинтересираната страна правното лице ДМУ Регионална Телевизиска Куќа ДООЕЛ Кавадарци за повлекување на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, на локално ниво за подрачјето на општина Кавадарци Уп1 бр.08-430 од 21.12.2020 година, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-4702/5 од 30.12.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 47-та седница одржана на 30.12.2020 година, донесе решение како во диспозитивот. Решението е конечно.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение подносителот на писменото барање може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- заинтересирана страна, правното лице ДМУ Регионална Телевизиска Куќа ДООЕЛ Кавадарци;
- управителот на заинтересирана страна, правното лице ДМУ Регионална Телевизиска Куќа ДООЕЛ Кавадарци;
- Директорот на Агенцијата;
- Сите организациони единици/сектори/служби во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Назначеното лице за водење на Уписникот (Уп1).